Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08,167/10 и 51/11) и член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по наставниот предмет ***италијански јазик (втор странски јазик)*** за II (втора) година образование од средното стручно образование со четиригодишно траење.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

**Наставна програма**

# ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК

**(Втор странски јазик)**

***модуларно дизајнирана***

## за II година

Економски техничар, Правен техничар, Бизнис администратор, Хотелско-туристички техничар, Угостителски техничар, Угостителски техничар за рурален туризам, Техничар за настани и анимации, Техничар за моделирање на облека,Техничар за дизајн на облека и Техничар за моделирање на обувки

**образовен профил / квалификација**

Економско-правна и трговска/Економија, право и трговија

Угостителско-туристичка / Угостителство и туризам

Текстилно-кожарска/ Текстил, кожа и слични производи

**струка / сектор**

**Скопје, 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | Италијански јазик (втор странски јазик) |
| **Тип на наставна програма** | Задолжителна |
| **Кредитна вредност на наставната програма** | 4 (четири) ЕЦВЕТ[1] кредити (3+1, 1 кредит одговара на 25 часа активности на ученикот, од кои 8 часа за домашна работа, 8 часа за подготовка за писмени работи и 9 часа за самостојно учење) |
| **Струка** | Економско-правна и трговска, Угостителско-туристичка, Текстилно-кожарска |
| **Сектор** | Економија, право и трговија, Угостителство и туризам, Текстил, кожа и слични производи |
| **Образовен профил** | Економски техничар, Правен техничар, Бизнис администратор, Хотелско-туристички техничар, Угостителски техничар, Угостителски техничар за рурален туризам, Техничар за настани и анимации, Техничар за моделирање на облека,Техничар за дизајн на облека и Техничар за моделирање на обувки |
| **Назив и ниво на квалификација** | Економски техничар, Правен техничар, Бизнис администратор, Хотелско-туристички техничар, Угостителски техничар, Угостителски техничар за рурален туризам, Техничар за настани и анимации, Техничар за моделирање на облека,Техничар за дизајн на облека и Техничар за моделирање на обувки<br><br>**IV (четврто) ниво**<br><br>Согласно *Заедничката европска референтна рамка за јазиците* после првата година на изучување на италијанскиот јазик во средното образование може делумно да се достигне нивото А2 (основно ниво), по втората година во средно образование може целосно да се достигне нивото А2 (основно ниво), по третата година учење на италијанскиот јазик во средно образование може делумно да се достигне Б1 (преодно ниво) и по завршувањето на IV година, може целосно да се достигне Б1 (преодно ниво) . |
| **Година на изучување** | II (втора) |

[1]Закон за Националната рамка на квалификации.

| | |
|---|---|
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 2/72 |
| **Цели на наставна програма** | Ученикот/ученичката:<br>- да формира и да развие јазични, комуникативни, интеркултурни компетенции за изучување на втор странски јазик;<br>- да развива способности за поврзување на стекнатите знаења од првиот странски јазик, мајчиниот јазик и други предмети при совладување на вториот странски јазик;<br>- да формира елементарни навики и умеења за слушање, говорење, читање и пишување преку изграден систем од знаења на јазични и реченички единици, фонетски, правописни, лексички и граматички поими;<br>- да развие способност за самостојно учење и самовреднување според *Заедничката европска референцијална рамка (Портфолио).* |
| **Модуларни единици на наставна програма** | • СЛУШАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ<br>• ЧИТАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ<br>• ГОВОРНА ПРОДУКЦИЈА И ИНТЕРАКЦИЈА<br>• ПИСМЕНО ИЗРАЗУВАЊЕ И ИНТЕРАКЦИЈА<br><br>**НАПОМЕНА:** Поради специфичноста на изучување на странските јазици, модуларните единици се дизајнирани согласно вештините (слушање со разбирање, читање со разбирање, говорна продукција и интеракција и писмено изразување и интеракција), а во нив се интегрирани јазичните компоненти (лексички единици, граматички структури, јазични функции и култура). За успешна реализација на наставата по странските јазици, наставникот прави комбинација меѓу вештините и јазичните компоненти.<br><br>Понудените содржини се задолжителни, но наставникот користи примери од други извори и ја прилагодува наставата согласно образовниот профил/квалификацијата, односно струката/секторот. |
| **Материјално-технички и просторни услови** | Програмата, во однос на просторните услови за реализација, се темели на нормативот за простор донесен од страна на министерот за образование и наука.<br>Просторните услови и опременоста на училниците за успешна реализација на наставната програма за втора |

| | |
|---|---|
| | година треба да се во согласност со општиот норматив за опременост за реализирање на наставните програми за втора година на средното образование.<br>Се препорачува, заради полесен визуелен контакт помеѓу учениците и помеѓу наставникот и учениците, клупите да бидат наредени на следниот начин: повеќе клупи доближени заедно, разни варијанти на буквата П, како и преместување и групирање на столчињата по потреба (при работа во групи). |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по *италијански јазик* може да ја изведува лице кое завршило:<br>- студии по италијански јазик и литература – наставна насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС,<br>- студии по италијански јазик и книжевност- наставна насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС,<br>- студии по италијански јазик и литература - друга насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС, и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка за наставата по италијански јазик на акредитирана високообразовна установа. |

| Ред. број | Модуларна единица 1: СЛУШАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Резултати од учење** | **Содржини и поими (примери)** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување*** |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br><br>- издвои општи и конкретни информации од слушнат текст или при разговор со соговорникот во врска со животните навики; | La ricetta per vivere di più esiste ed è collegata a poche sane abitudini: mangiare in modo sano, tenere il peso sotto controllo, fare spor con regolarità e non fumare.<br><br>Marco ha deciso di cambiare il suo stile di vita per sentirsi più in forma e in salute: tanta attività fisica, meno stress, più sonno, più frutta e verdura.<br><br>Per sentirsi bene bisogna fare una passeggiata di circa 10 minuti dopo ogni pasto. L'attività fisicae un'alimentazione equilibrata aiutano a prevenire le malattie. | **Активности:**<br>- Бура на идеи;<br>- вежби за асоцијации;<br>- вежби за правење претпоставки, донесување заклучоци врз основа на наслови, звучни сигнали, интонација, невербални елементи итн.;<br>- слушање аудио/видеоснимки и говор на наставникот;<br>- идентификување на зборови, структури и изрази во контекст;<br>- одговорање на прашања од | **Ученикот /ученичката може да:**<br><br>1.1. препознава поими што служат за разменување информации на тема: Животни навики;<br><br>1.2. идентификува главни информации од слушнат краток текст или од разговор со соговорникот во врска со животните навики;<br><br>1.3. издвојува детални информации од краток едноставен слушнат текст на тема: Животни навики. |

*Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | -издвои општи и конкретни информации од краток едноставен слушнат текст или при разговор со соговорникот во врска со патување; | La città dove abita Maria è piccola ma molto bella. Le strade sono ordinate e pulite. Il quartiere dove abita è molto tranquillo. Vicino a casa sua c'è una pasticceria dove vendono degli ottimi dolci. casa sua c'è una pasticceria dove vendono degli ottimi dolci.<br><br>L'amica di Carla è una ragazza simpatica, socievole, allegra e molto generosa.<br><br>Che fortuna/Che bello/Che gioia rivederti dopo tanto tempo!<br>Hai preso la patente? Bravo!<br><br>Sono (molto) contento.Bene/ Benissimo/Meraviglioso!<br><br>Vai in vacanza? - È fantastico!<br><br>Non mi piace il tuo comportamento.<br><br>Ha superato l'esame? -Sono felice per te. | типот *точно/неточно* (vero/falso), отворени прашања или прашања со повеќечлен избор;<br>- подредување на слушнати информации во табели;<br>- поврзување слики со слушнат текст.<br><br>**Методи:**<br>- вербални методи: дијалошки или метод на разговор (игра по улоги);<br>- документациски метод: аудио-визуелни извори на информации;<br>- демонстрациски метод: пуштање на аудио и видео снимки. | **Ученикот /ученичката може да:**<br><br>2.1. препознава поими што се користат при опис на места;<br><br>2.2. препознава поими со кои се опишуваат карактерни особини на лица;<br><br>2.3. идентификува изрази за искажување чувства и впечатоци;<br><br>2.4. издвојува информации од краток слушнат текст за место, време и опис на патувањето. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | - издвои конкретни информации од слушнат текст или при разговор со соговорникот за начинот на одбележување на празниците во неговата/нејзината земја и земјите во кои се зборува јазикот што се изучува. | La festa più attesa dell'anno è quella del 31 dicembre, san Silvestro. Si organizzano feste con fuochi d'artificio, cenoni con piatti tipici ecc.<br><br>Le caratteristiche principali del periodo natalizio sono: lo scambio di regali, l'albero di Natale, il presepe, grandi pranzi e cene con i parenti ecc. | | **Ученикот /ученичката може да:**<br><br>3.1. препознава поими што служат за разменување информации на тема: Празници;<br><br>3.2. идентификува главни информации од слушнат краток текст или од разговор со соговорникот во врска со начинот на одбележување на празниците во својата земја и земјите во кои се зборува јазикот што се изучува;<br><br>3.3. издвојува детални информации од краток едноставен слушнат текст на тема: Празници. |

| Ред. број | Модуларна единица 2: ЧИТАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Резултати од учење** | **Содржини и поими (примери)** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување*** |
| 1 | **Ученикот/уеничката ќе биде способен /а да:**<br><br>- идентификува конкретни информации во кратки и едноставни текстови, во врска со животните навики; | La mattina faccio una colazione sana e abbondante: latte, caffè, cereali o toast e succo di frutta.<br><br>Mangio 5 porzioni di frutta e/o verdure ogni giorno. Almeno una volta alla settimana mangio pesce perché è ricco di omega 3 ed altri elementi benefici.<br><br>Per stare in buona salute è importante fare ogni giorno 30 minuti di esercizio fisico, andare in palestra o in piscina. È necessario anche dormire 8 ore, il riposo elimina lo stress e la stanchezza. | **Активности:**<br>- Бура на идеи;<br>- вежби за правење претпоставки, донесување заклучоци, врз основа на наслови, илустрации, фотографии, типографски и други елементи карактеристични за различни видови текст;<br>- поврзување текстови со слики;<br>- вежби со идентификување зборови и изрази;<br>- подредување зборови, реченици, пасуси, слики и сл., по логичен редослед; | **Ученикот /ученичката може да:**<br><br>1.2. идентификува зборови и изрази, во краток едноставен текст, поврзани со начинот на исхрана и здравјето;<br><br>1.2. идентификува зборови и изрази во краток и едноставен текст во врска со здрави животни навики;<br><br>1.3. селектира информации од едноставен текст во врска со животните навики;<br><br>1.4. класифицира и споредува примери на животни навики. |

*Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | -издвои конкретни информации во едноставен текст или електронска порака, во кои е раскажано некое патување; | Laura è una ragazza allegra, curiosa, responsabile e precisa. Suo fratello invece è sempre di cattivo umore, pigro e a volte antipatico. Comunque voglio bene a tutti e due.<br><br>Siena è capoluogo della regione Toscana. È una magnifica città d'arte con caratteristici vicoli, torri, botteghe artigiane e palazzi. Ci sono anche tante caffetterie dove puoi sederti e respirare l'atmosfera magica della città.<br><br>Purtroppo il viaggio è stato lungo e stressante ma il posto era molto silenzioso e non troppo distante dal mare.Il villino dove alloggiavo era grazioso all'esterno e immerso nel verde, ma molto umido e poco pulito. Mi sono piacciuti molto le specialità locali. | - пополнување празни места во текстови, табели и реченици;<br>- одговорање на прашања од типот точно/неточно (vero/falso), отворени прашања или прашања со повеќечлен избор;<br>- давање наслови на одредени делови од текст;<br>- подредување на реченици и пасуси од краток и едноставен текст по логичен редослед.<br><br>**Методи:**<br>- документациски метод: пишан извор на информација (работа на текст, метод на | **Ученикот /ученичката може да:**<br>2.1. идентификува поими и изрази со кои се искажуваат чувства, се опишуваат карактерни особини и места;<br><br>2.2. ги препознае најважните информации во краток и едноставен текст или електронска порака поврзани со темата: Патување;<br><br>2.3. донесува заклучоци за карактеристиките на местата врз основа на пишани информации, илустрации и фотографии. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | - издвои конкретни информации од едноставен текст или електронска порака во кои е опишан начинот на одбележување на празниците во неговата/нејзината земја и земјите во кој се зборува јазикот што се изучува. | Il Natale ortodosso si celebra il 7 Gennaio, a differenza della Chiesa Cattolica che lo festeggia il 25 Dicembre. Il capodanno si festeggia in piazza con la musica e fuochi d'artificio.<br><br>Il pranzo di Natale è il più importante pasto per la famiglia italiana, ci sono molti tipi di cibo e il pasto può durare molto tempo. I dolci tradizionali sono il Pandoro e il Panettone con uvetta e canditi. | читање, метод на интерпретација);<br>- набљудувачко-истражувачки методи: набљудување, забележување, обележување, откривање, истражување, пребарување;<br>- демонстрациски методи: покажување на слики, цртежи и сл.;<br>- метод на работа со компјутерска технологија: пребарување. | **Ученикот /ученичката може да:**<br><br>3.1. идентификува зборови и изрази во краток и едноставен текст во врска со темата: Празници;<br><br>3.2. ги препознае најважните информации во краток и едноставен текст или електронска порака поврзани со темата: Празници;<br><br>3.3. селектира конкретни информации од текст во врска со начинот на одбележување на празниците во неговата/нејзината земја и земјите во кои се зборува јазикот што се изучува. |

| Ред. број | Модуларна единица 3: ГОВОРНА ПРОДУКЦИЈА И ИНТЕРАКЦИЈА | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Резултати од учење | Содржини и поими (примери) | Активности и методи | Критериуми на оценување* |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br><br>- побара/даде информации за животните навики во едноставна говорна интеракција; | Vita sana; attività fisica, alimentazione sana; fare sport<br><br>-Per mantenermi in forma faccio molto sport e seguo un'alimentazione sana ed equilibrata,mangio tanta frutta e verdura. Evito i cibi grassi, bevande gassate. Faccio yoga per rilassarmi. | **Активности:**<br><br>а) *Говорна интеракција:*<br>- поставување прашања и одговарање на нив;<br>- играње улоги според дадени модели;<br>- учество во кратки и едноставни комуникативни ситуации од секојдневниот живот. | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>1.1. набројува поими поврзани со животните навики: исхрана, активности и сл.;<br><br>1.2. ги опишува на едноставен начин своите животни навики;<br><br>1.3. дискутира на едноставен начин за своите животни навики. |

*Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | - го опише својот карактер и оној на други лица; | -Paolo non parla molto, è un ragazzo sensibile, timido, piuttosto taciturno.<br><br>-Ciao! Sono Francesca. Sono una ragazza molto simpatica, buona, generosa, estroversa e sincera, ma soprattutto ... sono molto modesta!<br><br>-Marcello è magro e di media altezza. Ha i capelli neri, corti e ricci e gli occhi verdi scuri.È simpatico, socievole e ama fare amicizia con le persone solari. La sua ragazza si chiama Carmen, è spagnola. Lei è estroversa, gentile, allegra e generosa. | б) *Усно искажување:*<br>- опишување и раскажување според слики, видеоматеријали и сл.;<br>- продукција на кратки искази;<br>- прераскажување на кратки едноставни текстови на познати теми;<br>- вежби со користење пантомима и мимика;<br>-различни игровни активности од типот: глув телефон, бинго и сл. | **Ученикот /ученичката може да:**<br>2.1. именува поими кои означуваат карактерни особини на лица;<br><br>2.2. разменува информации во врска со својот и карактерот на други лица;<br><br>2.3.опишува карактерни особини на лица. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | - раскаже патување и да искаже впечатоци од патување; | Mezzi di trasporto pubblici e privati; treno; pullman; metrpolitana; tram...<br><br>-Bologna è una città meravigliosa e quello che più ci ha colpito è stata la pulizia in tutta la città. Abbiamo soggiornato poco distanti dal centro. I mezzi di trasporto erano molto efficienti. Era tutto perfetto. Non dimenticherò mai quelle bellissime serate in compagnia di amici e di ottimo cibo.<br><br>-Quest'estate, in agosto, sono stato in vacanza in Spagna con i miei genitori e i miei fratelli. Siamo partiti dall'Italia in aereo e abbiamo visitato le città principali del paese in macchina: la capitale Madrid, Barcellona, e altre città in riva al mare. La vacanza è durata due settimane e io mi sono divertito molto. | **Методи:**<br>- вербални методи: монолошки - метод на изложување на содржините (опишување, раскажување, објаснување),<br>дијалошки или метод на разговор (игра по улоги);<br>- демонстрациски методи: претставување, покажување предмети, процеси, појави, настани, покажување на слики, цртежи;<br>- метод на работа со компјутерска технологија: демонстрации. | **Ученикот /ученичката може да:**<br><br>3.1. набројува поими што означуваат превозни средства;<br><br>3.2. применува основни изрази и поими при опишување на места;<br><br>3.3. зборува за своите чувства и впечатоци поврзани со некое патување;<br><br>3.4. опишува едно патување. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | - даде краток и едноставен опис на начинот на одбележување на празниците во својата земја и земјите во кои се зборува јазикот што се изучува. | 1 Gennaio - Capodanno; 6 gennaio - Epifania; 8 marzo – Festa della donna: 1 Maggio - Festa dei lavoratori; 2 Giugno - Festa della Repubblica Italiana; 15 Agosto – Ferragosto; 8 Dicembre - Festa dell'Immacolata concezione. 25 Dicembre – Natale; 31 Dicembre - San Silvestro.<br><br>In Italia si festeggia la Pasqua catolica, mentre in Macedonia la Pasqua ortodossa. | | **Ученикот /ученичката може да:**<br><br>4.1. ги набројува празниците во својата земја и во земјата/земјите чиј јазик се изучува;<br><br>4.2. применува основни изрази и поими при опис на начинот на одбележување на празници;<br><br>4.3. го опишува начинот на одбележување на некој празник;<br><br>4.4. разменува информации во врска со одбележувањето на некој празник. |

| Ред. број | Модуларна единица 4: ПИСМЕНО ИЗРАЗУВАЊЕ И ИНТЕРАКЦИЈА | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Резултати од учење | Содржини и поими (примери) | Активности и методи | Критериуми на оценување* |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br><br>- пишува кус насочен состав или елктронска порака во кои ќе ги опишува своите животни навики; | La mattina mi alzo presto. Bevo un bicchiere d'acqua appena sveglio.Faccio una colazione sana e abbondante. Cammino almeno 30 minuti al giorno.<br><br>Gentile dottoresa, vorrei cambiare il mio stile di vita e ho bisogno del Suo consiglio. Vorrei sapere se mangio in modo corretto. Spesso salto i pasti. Bevo poca acqua ma mangio molta frutta. Mangio anche cibi surgelati. Non fumo e non faccio molta attività fisica. Dormo poco.<br><br>Colazione: latte, cereali, frutta.Pranzo: 100 g di pasta con verdura oppure sugo oppure legumi Pomeriggio: una tazza di tè e un po' di frutta.Cena: pesce o carne magra e come contorno insalata oppure verdura. | **Активности:**<br>- подредување зборови во слеана низа:<br>- пополнување формулари;<br>- довршување реченици или краток текст;<br>- пополнување текстови со испуштени зборови;<br>- пишување пораки, кратки пријателски писма, разгледници, електронски пораки;<br>- пишување краток едноставен состав (од 80-100 збора) според дадени слики, аудитивни или визуелни информации, или насоки од наставникот;<br>- подредување реченици | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>1.1. применува поими и изрази при опишување на своите животни навики;<br><br>1.2. составува кратки електронски пораки или состави, поврзани со своите животни навики;<br><br>1.3.класифицира позитивни од негативни примери на животни навики;<br><br>1.4.составува мени во функција на здрава исхрана. |

*Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | - пишува кус насочен состав или електронска порака во кои ќе раскаже патување, ќе опише карактер на лица, посетени места; | Ciao Roberto,<br>Ho letto il tuo annuncio. Io sono la persona che cerchi. Mi piacerebbe essere il tuo coinquilino perché abbiamo molte cose in comune. Anch'io sono molto estroverso, di solito vado d'accordo con tutti I miei amici, mi piace molto la musica. Sono un ragazzo molto sensibile e non mi piacciono le persone maleducate, arroganti e immature.<br>Aspettando la tua risposta,<br><br>Tanti saluti,<br>Michele<br><br>L'estate scorsa siamo stati a Venezia. Quasi tutti i monumenti si trovano nel centro storico e nelle isole della laguna Venezia. Ci sono molti ponti che collegano le isolette su cui è costruita, attraversando numerosi canali.<br><br>Il mio viaggio piu bello è statol'anno scorso, ad agosto, quando sono andato in montagna, in Abruzzo. Sono partito da Bologna in macchina con mio fratello e i suoi amici. Quando siamo arrivati vicino alla montagna, abbiamo preso gli zaini e abbiamo fatto una lunga passeggiata. Ho anche scritto un diario di viaggio per raccontare la bellezza del posto. Il viaggio e stato emozionante e interessante! | и/или параграфи од даден текст;<br>- групна изработка на постер; самостојна изработка на тематски постери и сл.<br><br>**Методи:**<br>-операциски методи: метод на илустративна практична работа (реализација на проект), метод на творечка работа (разни форми на писмена кореспонденција и други форми на писмено изразување);<br>-метод на работа со компјутерска технологија: демонстрации. | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>2.1. применува основни изрази и поими при опишување карактер на лица;<br><br>2.2. применува основни изрази и поими при опишување посетени места од некое патување;<br><br>2.3. составува кратки насочени состави и електронски пораки во кои раскажува за некое патување. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | - пишува  кус насочен состав или електронски пораки во кои ќе го опише начинот на одбележување на празниците во својата земја и земјите во кои се зборува јазикот што се изучува; | Da nord a Sud, l'Italia celebra carnevali di antiche tradizioni che attraggono ogni anno migliaia di visitatori da tutto il mondo. La festa si festeggia 40 giorni prima di Pasqua, con delle sfilate pubbliche e persone mascherate<br><br>La mia festa preferita è il Natale. Èla festa che, per tradizione, riunisce tutta la famiglia attorno al tavolo: il pranzo di Natale, o la cena della Vigilia, è l'occasione per ritrovarsi con amici e parenti lontani. In Italia ogni regione ha i propri piatti titpici delle feste natalizie, dall'antipasto al dolce.<br><br>Per Pasqua, In Italia, ai bambini si regalano le uova di cioccolato mentre da noi si fanno delle uova colorate e decorate. | | **Ученикот/ученичката  може да:**<br><br>3.1. применува основни изрази и поими при опишување на начинот на одбележување на празници;<br><br>3.2. составува краток насочен состав во кој го опишува начинот на одбележување на празниците во неговата земја;<br><br>3.3. пишува кратка електронска порака во која раскажува за начинот на кој се одбележал  некој празник во неговото опкружување;<br><br>3.4. пишува краток насочен состав во кој го споредува начинот на одбележување на конкретен празник во својата земја и во земјата/земјите чиј јазик се изучува. |

| | |
|---|---|
| **Оценување на постигањата на учениците** | Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување). Секоја активност на часот при која учениците ја искажуваат јазичната активност, било на рецептивно, репродуктивно или продуктивно ниво, дава можност за воочување на напредокот и негово вреднување. Тоа значи дека евалвацијата се врши како интегрален дел на самиот наставен час, а не како изолиран чин. Многу е важно при постапките на проверка на знаењето, како и оценувањето на ученикот, тие постапки да не се разликуваат од вообичаените активности на часот, односно учениците не треба посебно да се издвојуваат од групата при проверката на усното јазично реагирање.<br>Оценувањето на постигањата на учениците треба да биде транспарентно и согласно нивоата од Блумовата таксономија. Следењето и оценувањето на постигањата на учениците треба да се врши плански, систематски и |

| | |
|---|---|
| | континуирано во текот на целата учебна година.<br>Вреднувањето на напредокот на учениците ќе се врши со бројчани оценки во текот на училишната година. Од вкупниот број оценки, две ќе се базираат на писмени работи, додека останатите оценки ќе се базираат на усни одговори, учество во комуникативни активности, домашни задачи, индивидуални и групни изработки на проекти, тестови. Учениците треба однапред да бидат запознаени со критериумите и начинот на оценување.<br>Критериумите за формирање оценка треба да се експлицитни како за ученикот, така и за родителот, т.е. да се објаснат уште на почетокот на учебната година и наставникот да се придржува до тие критериуми. Како критериуми можат да се земат: оценките од усното искажување, оценките од писмените работи/тестови, оценките од активноста на часот, изработката на домашни задачи, изработка на презентации и проектни задачи.<br><br>На крајот на втора година учениците ќе бидат оценети со бројчана оценка. |
| **Литература и други извори** | Учебник и прирачници одобрени од Министерството за образование и наука и други извори на учење. |
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | **Учебна 2020/2021 година** |
| **Институција/<br>носител на програмата** | **Биро за развој на образованието (БРО)** |
| **Потпис и датум на донесување на наставната програма** | **бр.** 13-11378/40<br>04-10-2019 **година**<br><br>**МИНИСТЕР,**<br>**Dr. Arbër Ademi** |
| **Датум на ревизија** | |